Уп. бр.08-79

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Словенија Бродбенд С.а.р.л (Slovenia Broadband S.à.r.l), со регистрирано седиште на адреса 2 Руе Едвард Стаихен, Луксембург, Големото Војводство Луксембург, преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 26.05.2022 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Словенија Бродбенд С.а.р.л (Slovenia Broadband S.à.r.l), со регистрирано седиште на адреса 2 Руе Едвард Стаихен, Луксембург, Големото Војводство Луксембург, стекнува самостојна контрола над друштвото Тотална телевизија д.о.о. (Totalna televizija d.o.o.), со регистрирано седиште на адреса Бузински прилаз 10, Загреб, Хрватска, по пат на стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 21.04.2022 година а дополнето на 06.05.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Словенија Бродбенд

С.а.р.л (Slovenia Broadband S.à.r.l). со регистрирано седиште на адреса 2 Руе Едвард Стаихен. Луксембург. Големото Војводство Луксембург. со која Словенија Бродбенд С.а.р.л (Slovenia Broadband S.à.r.l). Луксембург стекнува самостојна контрола над друштвото Тотална телевизија д.о.о. (Totalna televizija d.o.o.). со регистрирано седиште на адреса Бузински прилаз 10. Загреб. Хрватска. по пат на стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација. дополната и прилозите кон истото. го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Словенија Бродбенд С.а.р.л е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс (BC Partners). меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори. т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на друштвата во кои вложуваат. со кои управуваат сопствени одбори на директори. БЦ Партнерс е меѓународен инвестициски фонд кој нуди избрани. фокусирани инвестициски стратегии наменети да се дополнуваат една со друга и да генерираат добивка во корист на своите инвеститори. Основан во 1986 година како еден од првите пан-европски инвеститори. БЦ Партнерс се има развиено во едно од водечките алтернативни инвестициски друштва. вложувајќи првенствено во големи деловни потфати во Европа и Америка преку својата мрежа на канцеларии во Лондон. Хамбург и Њујорк. БЦ Партнерс обезбедува постојан пристап до инвестирање преку своите три стратегии. користејќи детална анализа за да се обезбеди од ризици и утврди реални и значајни можности за создавање на вредност. Неговата партнерска структура е направена така што ги усогласува интересите на друштвата со интересите на инвеститорите.

Дополнително. Словенија Бродбенд С.а.р.л претставува друштво кое е дел од потесната групација во состав на БЦ Партнерс – Јунајтед Груп (United Group). која обезбедува телекомуникациски и медиумски услуги во неколку држави во регионот.

Во Северна Македонија. БЦ Партнерс е присутен преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје. друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија. со регистрирано седиште на адреса бул. ВМРО бр. 3. Центар. Скопје. Република Северна Македонија. а кое се занимава со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа;
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје. друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија. со регистрирано седиште на адреса ул. Орце Николов 68/3. Центар. Скопје.

Република Северна Македонија, кое се занимава со маркетиншки дејности.

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедувањето на следните услуги:

- телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани друштва, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, SK Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа);
- услуги за огласување (Дирецт Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));
- телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српски кабелски мрежи д.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd) и Телемах д.о.о. Љубљана (Telemach d.o.o. Ljubljana).

Тотална телевизија д.о.о. (Totalna televizija d.o.o.) е основано во 2008 година во Хрватска и е еден од по препознатливите даватели на телекомуникациски услуги во Република Хрватска. Тотална телевизија д.о.о. (Totalna televizija d.o.o.) е препознатливо по достапноста на услугите во сите краеви на Хрватска, дигиталниот квалитет на HD сликата, по најголем број програмски содржини, како и по континуираната работа на подобрување на квалитетот на услугата. Дополнително, во својата понуда нуди преку 300 атрактивни регионални, национални и светски програми, како и брз широкопојасен пристап до интернет и фиксна телефонија.

Тотална телевизија д.о.о. (Totalna televizija d.o.o.) нема зависни друштва во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**